OHRIDSKA BANKA

Врз основа на член 38, точка 2 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 30.6.2020 година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишниот извештај**
**за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година.

2. Извештајот за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и Писменото мислење за него изготвено од страна на Надзорниот одбор се составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. ___________**
**30.6.2020 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

______________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

кон Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето
на Охридска банка АД Скопје во 2019

Во согласност со член 477, став 14 од Законот за трговските друштва (ЗТД), член 93, став 9 од Законот за банките и на член 69 став 9 од Статутот на Банката, органот на управување има обврска, по завршувањето на секоја деловна година, да изготви извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Содржината на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година е определена со член 384, став 7 од ЗТД.

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите што влијаеле врз определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки дејствува друштвото, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средства, управувањето со ризиците, големите зделки и зделките со заинтересирана страна, активностите за истражување и развој, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности и од извештајот за корпоративното управување.

Содржината на извештајот за корпоративното управување, кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Банката, е определена со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување со банка.

Годишниот извештај за работењето на Банката се поднесува за одобрување до Надзорниот одбор и за разгледување и усвојување до Собранието на Банката заедно со писменото мислење за него изготвено од Надзорниот одбор.